Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

Ул. "Македонија"бр.5, 1000 Скопје | тел.02/3218 130 факс.02/3218 131 | contact@ssrm.mk
Rr. "Makedonija" nr.5, 1000 Shkup | tel.02/3218 130 faksi.02/3218 131 | contact@ssrm.mk

Врз основа на член 105 став 1 алинеја 1 од Уставот на Република Северна Македонија, член 41 и член 47 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија" бр.58/2006, 35/2008, 150/2010, 83/18, 198/18 и „Службен весник на РСМ" бр.96/19), член 50 и член 51 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.102/2019), Судскиот совет на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 08.11.2023 година, донесе

# О Д Л У К А
# ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ОСНОВЕН СУД КИЧЕВО

За претседател на Основен суд Кичево е избрана:
**Флутурије Дервиши-** судија на Основен суд Кичево

Оваа одлука ќе стапи во сила по правосилно завршување на постапката и ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија".

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Судскиот совет на Република Северна Македонија објави оглас за избор на претседател на Основен суд Кичево (Службен весник на РСМ" бр.168/23 од 08.08.2023 година).

На објавениот оглас за избор на претседател на Основен суд Кичево се пријавиле 3 (тројца) кандидати со уредна и комплетна документација, кои ги исполнуваат условите согласно законот.

Постапката за избор на претседател на Основен суд Кичево, Советот ја спроведе согласно Законот за судовите, Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, Деловникот за работа на Судскиот совет на Република Северна Македонија. Советот формира Комисија која изврши проверка на навременоста на пријавите и комплетноста на документите на пријавените кандидати по огласот и ги разгледа доставените документи на кандидатите за претседател на Основниот Кичево. Спроведено е оценување на работата на кандидатите, спроведен е психолошки тест и тест на интегритет, спроведено е интервју со истите и констатирано е дека согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите ( Сл. Весник на РМ бр.150/10) за кандидатите кои се

избрани за судии пред 26.11.2010 година не се спроведува проверка на практична работа со компјутери, поради што ваква проверка не е спроведена.

Комисијата формирана од страна на Судскиот совет на РСМ по спроведена постапка достави Извештај со предлог на кандидат за претседател на Основен суд Кичево:

**ПРЕДЛОГ**
**НА КАНДИДАТИ ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ОСНОВЕН СУД КИЧЕВО**

| Р.бр | Име и презиме | Суд во кој работи | Судиски стаж | Оцена |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **ФЛУТУРИЈЕ ДЕРВИШИ** | **Основен суд Кичево** | **-Судија на Основен суд Кичево од 18.05.2005 год (18 години, 3 месеци)** | **позитивна** |
| 2 | **АМДИЈЕ ЗЕНКУ** | **Основен суд Кичево** | **-Судија на Основен суд Кичево од 25.03.2010 год (13 години, 4 месеци)<br>-Претседател на судот од 06.11.2019 година и денес** | **позитивна** |
| 3 | **БИЛЈАНА КИЖЕСКА** | **Основен суд Кичево** | **-Судија на Основен суд Кичево од 25.03.2010 год (13 години, 4 месеци)** | **позитивна** |

На седницата одржана на ден 08.11.2023 година, Судскиот совет гласаше редоследно по предлог листата.

Согласно член 51 ст.1 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија кандидатот Флутурије Дервиши од предлог листата со 12 гласа -„За“ го доби потребното мнозинство од вкупниот број членови на Советот со право на глас. Со 5 гласа - „За“, кандидатот доби и мнозинство гласови од присутните членови кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија.

Секој член на Советот со право на глас даде образложение за својата одлука за избор на претседател како што е предвидено во член 51 став 3 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија.

Кандидатот Флутурије Дервиши е судија на Основен суд Кичево сметано од 18.05.2005 година, односно има вкупен судиски стаж 18 години и 3 месеци до денот на пријавувањето. Како судија работела на кривична материја, а во последните 4 години е оценета со позитивна оценка.

Имајќи го предвид наведеното Судскиот совет за претседател на Основен суд Кичево го избра кандидатот Флутурије Дервиши.

**Бр. 09-2192/1**
**08.11.2023 година**
**С К О П Ј Е**

**СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА**
**СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Сашко Георгиев**

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut

СУДСКИ СОВЕТ НАРЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

Ул. "Македонија"бр.5,1000 Скопје| тел.02/3218 130 факс.02/3218 131 | contact@ssrm.mk
Rr. "Makedonija" nr.5, 1000 Shkup | tel.02/3218 130 faksi.02/3218 131 | contact@ssrm.mk

Në bazë të nenit 105 paragrafi (1) alinea (1) të Kushtetutës të Republikës së Maqedonisë së Veriut neni 41 dhe 47 nga Ligji për Gjykatat ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr.58/06, 35/08, 150/10, 83/18, dhe 198/18 dhe "Gazeta Zyrtare e e RMV-së" nr.96/19) neni 50 dhe neni 51 nga Ligji për Këshillin Gjyqësor të Republikës së Maqedonisë së Veriut ("Gazeta Zyrtare e RMV-së" nr.102/19), Këshilli Gjyqësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut në seancën e mbajtur me date 08.11.2023 solli, këtë

**VENDIM**
**PËR ZGJEDHJEN E KRYETARIT NË GJYKATËN THEMELORE KËRÇOVË**

Për Kryetar në Gjykatën Themelore Kërçovë është zgjedhur:

**-Fluturie Dervishi** – gjyqtar në Gjykatën Themelore Kërçovë.

Ky vendim hyn në fuqi pas përfundimit të procedurës së plotëfuqishme dhe do të publikohet në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut".

**ARSYETIM**

Këshilli Gjyqësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut publikoi shpallje për zgjedhjen e kryetarit të Gjykatës Themelore Kërçovë ("Gazeta Zyrtare e e RMV-së" nr.168/23 nga 08.08.2023).

Në shpalljen e publikur për kryetar të Gjykatës Themelore Kërçovë janë paraqitur 3 (tre) kandidate, me dokumente të kompletuar, të cilët i plotësojnë kushtet në pajtim të ligjit.

Procedura për zgjedhjen e kryetarit në Gjyaktës Themelore Kërçovë, Këshilli e realizoi sipas Ligjit të gjykatave, Ligjit për Këshillin Gjyqësor të Republikës së Maqedonisë së Veriut, Regullorja për punë të Këshillit

Gjyqësor. Këshilli Formoi Komision i cili kontrolloi afatet kohore të fletëparaqitjeve dhe dokumentacionin e plotë të kandidatëve të regjistruar sipas shpalljes dhe i shqyrtoi dokumentet e paraqitura të kandidatëve për kryetar të Gjykatës Themelore Kërçovë. Është bërë vlerësimi i punës së kandidatëve me dokumentacion përkatës, është bërë vlersimi testit psikologji dhe testi i integritetit, kandidati ka kaluar testin kompjuterik para Këshillit Gjyqësor dhe është zhvilluar intervista me kandidatin dhe është konstatuar në përputhje me ligjin për Ndryshim dhe plotësim të Ligjit për Gjykata ("Gazeta Zyetare e RM nr.150/10) për kandidatët të cilët jan zgjedhur pët gjykatës para 26.11.2010 nuk kryhet asnjë kontroll i punës praktike me kompjuter, për këtë arsye nuk është bërë një kontroll i tillë

Komisioni i formuar nga ana e Këshilli Gjyqësor të Republikës së Maqedonisë së Veriut pasë procedurës ka dorëzuar Raport me propozimin për kandidat për kryetar të Gjykatës Themelore Kërçovë.

**PROPOZIM**
**I KANDIDATËVE PËR KRYETAR TË GJYKATËS THEMELORE KËRÇOVË**

| Nr. | Emri dhe Mbiemri | Gj.në të cilën punon | Stazh Gjyqësor | Nota |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **FLUTURIE DERVISHI** | **Gjykata Themelore Kërçovë** | **Gjyqtar në Gj.Themelore Kërçovë nga 18.05.2005 (18 vjet e 3 muaj)** | **Pozitive** |
| 2. | **AMDIJE ZENKU** | **Gjykata Themelore Kërçovë** | **-Gjyqtar në Gj.Themelore Kërçovë nga 25.03.2010 (13 vjet e 4 muaj) -Kryetar i Gj.Themelore Kërçovë 06.11.2019 deri më sot** | **Pozitive** |
| 3. | **BILLJANA KIZHEVSKA** | **Gjykata Themelore Kërçovë** | **Gjyqtar në Gj.Themelore Kërçovë nga 25.03.2010 (13 vjet e 4 muaj)** | **Pozitive** |

Në seancën e mbajtur me 08.11.2023 Këshilli Gjyqësor votoj sipas listës të propozuar.

Në bazë të nenit 51 paragrafi 1 nga Ligji për Këshillin Gjyqësor të Republikës së Maqedonisë së Veriut kandidati i propozim listës Fluturie Dervishi me 12 vota "PËR" e mori shumën e duheur nga numri i përgjithëshëm i anëtarëve të Këshillit me të drejtë vote. Me 5-vota "PËR"kandidati mori shumivën e votave nga anëtarët e pranishëm që u takojnë komuniteteve që nuk janë shumicë në Republikën e Maqedonisë së Veriut.

Çdo anëtar i Këshillit me të drejtë vote ka dhënë shpjegime për vendimin e tij për zgjedhjen e gjyqtarit siç parashihet në nenin 51 paragrafi 3 të Ligjit për Këshillin Gjyqësor të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

Kandidati Fluturie Dervishi është gjyqtar në Gjykatën Themelore Kërçovë duke llogaritur nga 18.05.2005, gjegjësishtë ka stazh 18 vjet e 3 muaj nga dita e paraqitjes.Si gjyqtar ka punuar në materje penale, ndërsa në 4 vitet e funit është vlersuar me notë pozitive.

Duke marrë parasysh sa më sipër, Këshilli Gjyqësor për kryetar të Gjykatës Themelore Kërçovë e zgjedhi kandidatin Fluturie Dervishi .

**KËSHILLI GJYQËSOR I**
**REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**
**Kryetar,**
**Sashko Georgiev**

**Nr.09-2192/1**
**08.11.2023**
**Shkup**